ССМ

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 6, Јуни 2014 година

# 103-ТА СЕДНИЦА НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТРУДОТ


103тата седница на Меѓународната конференција на трудот

**12.6.2014**

Во периодот од 28.5.2014 година до 12.6.2014 година во Женева, се одржа 103-тата седница на Меѓународната конференција на трудот. На седницата учествуваа делегации од 185 земји - членки на МОТ.

Конференцијата разгледа широк спектар на прашања и проблеми, вклучувајќи ја: трудовата миграција, стратегии за вработување, начини за зајакнување на Конвенцијата на МОТ бр. 29 за принудна работа.

Во однос на ова прашање, Меѓународната Конференција го усвои новиот обврзувачки протокол за справување со модерните форми на принудна работа и елиминација на современите форми на ропство. Протоколот за справување со модерните форми на принудна работа, поддржан од страна на Препораката, беше усвоен од страна на делегатите од владите, работодавачите и работниците со 437 гласа - за, 27 воздржани и 8 - против.

Новиот Протокол е дополнување на постоечката Конвенцијата на МОТ за принудна работа, бр. 29, донесена во 1930 година, за модерно решавање на проблемите, меѓу кои е и трговијата со луѓе. Придружната препорака обезбедува технички насоки за нејзина имплементација.

„Протоколот и Препораката означуваат голем чекор напред во борбата против принудна работа и претставуваат цврста заложба на владите, работодавачите и работниците на организациите да ги елиминираат современите форми на ропство“, истакна Гај Рајдер, Генералниот директор на МОТ.

„Принудната работа ги повредува човековите права и достоинството на милиони жени, мажи, девојчиња и момчиња. Таа придонесува за овековечување на сиромаштијата и стои на патот за обезбедување на пристојна работа за сите“, додаде тој.

Протоколот ја зајакнува меѓународната правна рамка преку создавање нови обврски за да се спречи принудната работа, да се заштитат жртвите и да се обезбеди пристап до правен лек, како и надомест на материјална и физичка штета.

Од владите, исто така, беше побарано да се преземат мерки за подобра заштита на работниците, особено работниците мигранти и беше потенцирана улогата на работодавачите и работниците во борбата против принудната работа.

Членовите на Комитетот ја истакнаа огромната улога што ја има Конвенцијата за принудна работа, 1930 (бр. 29), како и Конвенцијата за укинување на принудната работа, 1957 (бр. 105), но заклучија дека празнините во нивното спроведување повикуваат на дополнителни мерки.

Трипартитна делегација од Р. Македонија присуствуваше на Генералното собрание од 9-11.6.2014 година и гласаше по документите кои беа усвоени.

На Конференцијата, исто така, се усвои текстот за Препораките за дополнување на мерките за ефикасно искоренување на принудната работа.

# ПРВИ ЈУНИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕТЕТО



Фолклорниот ансамбл „Бучим“ од Радовиш

**1.6.2014**

Први јуни - Меѓународниот ден на детето, прогласен од УНИЦЕФ во 1925 година на Светската конференција за благосостојба на децата, одржана во Женева, Швајцарија, традиционално се одбележува во многу земји во светот. Во чест на Меѓународниот ден на детето, оваа година Конфедерацијата на независните синдикати на Бугарија по 14 пат го одржа Етно фестивалот „Децата на Балканот заедно во Европа“, во убавото место Минерални Бањи – област Хасково, Бугарија. Фестивалот е поддржан од Добротворниот фонд „Проф. д-р Жељаско Христов“, поранешниот претседател на КНСБ, по чија иницијатива започна да се одржува оваа културна манифестација.

Фестивалот има меѓународен карактер и во текот на двата дена на одржување пеат и играат повеќе од 2.000 деца од целиот свет. На „Децата на Балканот заедно во Европа“ 2014, се претставија фолклорни детски групи од: Бугарија, Босна и Херцеговина, Србија, Хрватска, Молдавија, Македонија, Романија, Полска, Турција.

На покана на КНСБ, Сојузот на синдикатите на Македонија, секоја година, од самиот почеток на одржување на фестивалот во 2001 година, организираше учество на културно уметнички детски ансамбли на народни песни и ора од Република Македонија: „Кочо Рацин“, „Мирче Ацев“, „Орце Николов“ и „Владо Тасевски“ од Скопје, „Срма“ од Куманово, „Тиквеш“ од Кавадарци.

Оваа година на Детскиот етно фестивал во Хасково, ССМ го организираше учеството на Фолклорниот ансамбл „Бучим“ од Радовиш кој се претстави со: „Сплет од македонски ора“, во изведба на детскиот оркестар од две армоники и тапан и со „Игри од Повардарие“, во изведба на детската играорна група. Настапот на децата од Фолклорниот ансамбл „Бучим“ беше поздравен со одушевување и силен аплауз од многубројната публика, а од Жири комисијата на Фестивалот доби специјална награда за автентичен фолклор.

Преку манифестациите од овој вид, преку орото и песната, размената на искуства, децата од целиот свет имаат можност да ја претставаат автентичната етно култура на својата земја, но и да стекнат сознавања и за етно културата на другите земји. Со негувањето и развивањето на културата и творечките потенцијали и вредности на децата, истовремено се придонесува во развојот на процесот на интеграциите на земјите од: Балканот, Регионот, Европа и целиот свет.

# ПРЕГОВОРИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА КД ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ЗК „ПЕЛАГОНИЈА“ АД БИТОЛА


Претседателот д-р Митревски и претседателот Даневски на работната средба во ЗК „Пелагонија“ АД Битола

**2.6.2014**

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и претседателот на Агро Синдикатот, Живко Даневски, на 2.6.2014 во Битола, во ЗК „Пелагонија“ АД Битола, имаа работна средба посветена на измените и дополнувањата на КД во овој земјоделски гигант.

На средбата беа присутни извршниот директор, Томислав Давков и претседателот на синдикалната организација, Кире Стојановски. Во работна и конструктивна атмосфера, која е карактеристична за оваа општествено одговорна компанија беа договорени и усогласени сите прашања поврзани со измените и дополнуваната на КД во овој комбинат.

Беше договорено потпишувањето на КД да се изврши во втората половина од овој месец. Работната посета беше искористена да се запознаат претседателите на ССМ и Агро Синдикатот со работењето на комбинатот, инвестициите и годишните насади. Посебно беше образложена една од најзначајните инвестиции на овие простори поврзана и со развој на сточарската фарма и изградбата на биоцентрала.

# 12 ЈУНИ – СВЕТСКИ ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД

**12.6.2014**

Сојузот на синдикатите на Македонија силно е против искористување на детскиот труд и, како и до сега, и натаму ќе се залага за забрана на работа на малолетните деца. Секое дете има право на среќно детство. Затоа и бевме иницијатори и ја поддржавме ратификацијата на Конвенцијата на МОТ С182 за најлошите форми на детскиот труд, 1999 и Конвенцијата С138 за минимална возраст, 1973. ССМ, исто така, ги поддржува сите заложби, активности, акции и апели на Меѓународната организација на трудот кои се однесуваат на водењето добри политики за социјалната заштита како суштинско прашање за искоренување на злоупотребата на детската работна сила.

Сојузот на синдикатите на Македонија надминувањето на проблемот со злоупотреба на детскиот труд го гледа во зголемувањето на можностите секое дете задолжително и квалитетно да се наобразува, обучува и оспособува за вклучување во процесот на трудот на соодветна возраст, без било какви ограничувања и дискриминација, што е и темелно човеково право загарантирано со највисоките правни прописи на Република Македонија.

Во овие напори за елиминирање на злоупотребата на детскиот труд, потребно е координирано заедничко дејствување на сите одговорни субјекти во државата, да се води социјален дијалог и да се постигнува консензус меѓу социјалните партнери во напорите да се обезбедуваат услови за реализирање на детските потенцијали преку образовните и културните институции, а не со користење на нивниот детски труд.

Сојузот на синдикатите на Македонија е уверен дека преку заедничко партиципирање и инвестирање во образовниот напредок на децата, спортот, културата, преку програми и мерки за социјалната заштита, и натаму ќе опаѓа бројот на децата чиј труд се злоупотребува, посебно на оние кои извршуваат опасни работи, кој сега на глобален план се движи околу 168 милиони и дека тоа е иднината на детската популација и воопшто човештвото.

# СГИП И ССМ ИМ ГО ЧЕСТИТААТ 20-ТИ ЈУНИ, ДЕНОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ, НА СИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР



Положување цвеќе пред спомен одбележјето кај Градска болница, Скопје

**20.6.2014**

По повод 20-ти Јуни, Денот на градежните работници, се одржа свечена седница на Советот на СГИП. Исто така, традиционално се одржа и средба со пензионерите, поранешните активисти на СГИП, кои дале голем придонес во развојот на синдикалното движење во изминатите години во нашата Република.

Во знак на почит кон поранешните синдикални активисти и првиот штрајк на градежните работници во Република Македонија, во 1936 година, се положи свежо цвеќе пред спомен одбележјето кај Градската болница во Скопје. Ова е поттик, но воедно и гордост, за сите наши работници и членови на синдикатот да ја продолжат својата активност во остварувањата на правата на работниците.

# ТРЕТО СОБРАНИЕ НА СО НА МАКЕДОНСКА ПОШТА



Претседателот д-р Митревски на Третото Собрание на СО на Македонска пошта

**20.6.2014**

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа Третото изборно собрание на Синдикалната организација на Македонска пошта.

На изборното собрание беа разгледани повеќе акти, меѓу кои и Програмата за работа за следниот период, беа презентирани и реализаните активности во изминатиот период. На изборното собрание беше избран новиот состав на органите и телата на синдикалната организација на Македонска пошта, а за претседател на СО беше избран Марјан Вета.

На Третото изборно собрание на Синдикалната организација на Македонска пошта беше присутен и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, кој се обрати пред присутните делегати и гости.

# ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

**16-18 и 18-20.6.2014**

Во рамки на Проектот: „Граѓанските организации како активни социјални актери во промоција на стандарди за безбедност и здравје при работа“, во Охрид се одржаа две дводневни обуки. Носител на проектот е Македонското здружение за заштита при работа.

На обуката учествуваа претставници на ССМ, ОРМ, претставници на Националниот совет за безбедност и здравје при работа, Државниот трудов инспекторат, образовни институции, невладиниот сектор, консултанти - експерти од Р. Македонија и Европската Унија.

Во текот на обуката беа презентирани: македонскиот Закон за безбедност и здравје при работа, со акцент на методологијата на проценка на ризик, Лобирање и застапување за безбедност и здравје при работа и Студија од ЕУ за соработка меѓу релевантните фактори во безбедноста и здравјето при работа и можните начини за соработка меѓу релевантните фактори во Република Македонија. Од страна на ССМ беше презентиран предлогот за измени и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа.

# ПОЧЕТОК НА ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ВО ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“



Комисијата за колективно преговарање од СШДЕ предводена од претседателот Митриевски и менаџментот на ЈП „Македонски шуми“

**23.6.2014**

Комисијата за колективно преговарање на Синдикатот за шумарство, дрвна индустрија и енергетика на Македонија, во состав: д-р Живко Митревски, претседател на Синдикатот за шумарство, дрвна индустрија и енергетика на Македонија и претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, Ирфан Исаку, Трајче Илиев и Кире Шушевски, со претставниците на менаџментот на ЈП „Македонски шуми“, на 23.6.2014 година ги започнаа преговорите околу изменување и дополнување на Колективниот договор за вработените во ЈП „Македонски шуми“ - Скопје.

Целта на преговорите е усогласување на постојниот Колективен договор со законската регулатива и утврдување на повеќе специфики во делот на теренскиот додаток.

Од стана на преговарачките тимови беа разгледани и други прашања поврзани со надоместоците и додатоците, како и усогласување со измените на Законот за работните односи.

Комисиите се договорија и дека по разгледување на текстовите во соодветните органи ќе следи и потпишување на измените и дополнувањата на Колективниот договор. На средбата е остварен договор дека во Колективниот договор за вработените од ЈП „Македонски шуми“ ќе биде утврдена и минималната плата.

# АКТИВНОСТИ ПО ПОВОД КАМПАЊАТА НА ССМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА



Претседателот Митревски на средбата со вработните од подружницата Караџица

**26.6.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, во рамките на кампањата на ССМ за БЗР реализираше работна посета на 26 јуни 2014 година во сечиштето во близина на Китка, подружница Караџица, која функционира во склоп на „Македонски шуми“ - Скопје.

На средбата, покрај претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, присуствуваа: членот на П0ретседателството на СШДЕ, Ирфан Исаку, претседателот на СО, Енвер Јашаровски и група вработени. На средбата се разговараше за условите во кои се одвива производството и безбедносните услови на терен. Истовремено, вработените беа информирани за активностите на СШДЕ и на ССМ околу измените и дополнувањата на Законот за безбедност и здравје при работа.

# РЕГИОНАЛНИ СИНДИКАЛНИ ПРЕТСТАВНИШТВА И СИНДИКАЛНИ КНЦЕЛАРИИ

**РСП Скопје**
Остварени се контакти и разговори со претставници од АД ЕЛЕМ, Скопје, за нивно зачленување како нов синдикат во рамките на Сојузот на синдикатите на Македонија.

**РСП Тетово**
Одржана е средба со поранешните вработени од „Полет“ - Тетово, во стечај.

**РСП Кавадарци**
Заради проблемите на вработените во врска со исплатата на надоместоците на плата за работа за време на празници, ноќна работа и др., во ДММ ДРЕКСЕЛМАЕР МАНУФАКТУРИНГ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кавадарци, на 2.6.2014 година е остварена средба на менаџерот за човечки ресурси и претседателот и генералниот секретар на Синдикатот на СИЕР. На средбата е договорено да се отпочне со активности за синдикално организирање за да може да се бара остварување на правата од работен однос согласно Законот и Колективниот договор.
Одржан е состанок во „Фени Индустри“ со раководството на Синдикатот на СИЕР и Комисијата за колективно преговарање и договарање, на кој се разгледуваше текстот на Колективниот договор на ниво на работодавач и натамошни активности за негово потпишување.
Одржана е средба на 3.6.2014 г. во ЈП „Комуналец“ од Неготино, со претседателот и двајца членови на Претседателството на Синдикатот на СУТКОЗ. Целта на средбата беше формирање нова синдикална организација.
Одржан е состанок во МИК од Кавадарци, во стечај, со 30 стечајни работници.
Во ЈЗУ „Здравствен дом Кавадарци“, вработените во патронажната служба и Извршниот одбор на СО одржаа состанок за правото на бенефициран стаж.
На 20.6.2014 година е одржана седница на Локалниот економско-социјален совет на општина Кавадарци. На дневен ред беа прашањата за: неисплатата на откупеното грозје, зголемената вработеност во општината, состојбите со работниците во ДРЕКСЕЛМАЕР Кавадарци, Програмските мерки на Владата на РМ за порастот на животниот стандард на граѓаните во 2014 година, и др.
Одржана е работна посета на синдикалната организација при ПШС „Бор“ Кавадарци.

**РСП Куманово**
На 4.6.2014 година во Струмица се одржа состанок на Североисточниот регион за меѓугранична соработка, на кој присуствуваа претставници од Бугарија, претставници од Министерството за економија од нашата земја и претставници од другите региони од североисточниот дел на Македонија.
Одржан е состанок со вработените во ЈП „Водостопанство“ - „Липковско Поле“ од Куманово и претседателот на АГРО синдикатот, за формирање на синдикална организација и нивното зачленување.
Одржани се средби со градоначалникот на Куманово и претседателот на СО на локалната самоуправа за тековни проблеми.

**РСП Прилеп**
На 2.6.2014 година, СО на „Еурокомпозит“, која е членка на Синдикатот на СИЕР, донесе Одлука за стапување во штрајк на 9.6.2014 година. Основно барање е исплата барем на една плата, за да може да продолжи производството. Во преговори со раководството на фирмата беше исплатен еден дел од платата, односно 70% , со што штрајкот беше ставен во мирување.
Остварена е средба со претседателот на СО при ЈП „Македонски шуми“ - ПШС „Црн Бор“, Прилеп, во врска со Барањето на вработените за остварување на правото на надоместок за користење на годишен одмор за 2010 година.
Доставена е иницијатива до АД „Тутунски комбинат Прилеп“ за повеќе сезонски работници за трансформирање на работниот однос, од определено, на неопределено работно време, согласно одредбите на Законот за работните односи.

**РСП Охрид**
На 17 и 18.6.2014 година учествувано е на дводневна обука, како дел од проектот „Граѓанските организации како активни социјални актери во промоција на стандарди за безбедност и здравје при работа“ која се одржа во хотел „Инекс - Горица“, Охрид.
Посетена е приватната текстилна фабрика „Забет“ ДООЕЛ - Модна конфекција „Оровник“ од Охрид и текстилната фабрика „Мотекс“ ДООЕЛ, исто така од Охрид, со цел да се објасни потребата од синдикално организирање.

**РСП Велес**
Во соработка со Синдикатот на СИЕР се поднесени 5 тужби за отказ без отказен рок во ДММ „Дрекселмаер“.
Зачленети се нови 165 работници од ДММ „Дрекселмаер“ во Синдикатот СИЕР.

**РСП Штип и Синдикална канцеларија Пробиштип**
Остварена е средба со вработени во ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип, кои укажаа на нерамномерно и тенденциозно намалување на платите само кај одредени вработени заради политичка припадност.

**Синдикална канцеларија Гостивар**
Одржан е дводневен семинар на група на општини од ЛЕСС, во Струмица.

**Синдикална канцеларија Кичево**
Изготвен е приговор и тужба на вработен во АД „Тајмиште“, Кичево заради престанок на работен однос.

**Синдикална канцеларија Македонски Брод**
Реализирана е средба со претставници од ДООЕЛ „СУМБРО-ТРЕЈД“ од с. Самоков, Македонски Брод, за нивно зачленување и формирање на синдикална организација.
На 16.6.2014 година е одржан состанок за зачленување на нови членови од СО при СОУ „Св. Наум Охридски“, Македонски Брод, кои припаѓаат на Синдикатот МЕСО.
На 19.6.2014 година е остварена средба со Трудовиот инспектор и претседателот на СО при ЈП „Водовод и канализација“ од Македонски Брод, заради поднесена пријава за неискористено право на годишен одмор за 2013 година.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „Дванаесетта македонска бригада“ бр. 2а,
1000 Скопје
www.ssm.org.mk
info@ssm.org.mk
++389 02 3161 374/ 02 3225 937